Врз основа на член 13 од Законот за стопанските комори (Службен весник на РМ бр. 17/2011), а во врска со член 18 став 5 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010 и бр. 135/2011, 188/2013, 43/2014 и 138/2014; Одлука на Уставниот суд на РМ, бр. 50/2012), Собранието на ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, на седницата одржана на 04.05.2015 година во Скопје, го усвои следниот:

# С Т А Т У Т

# НА ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Статут поблиску се уредуваат: името и седиштето на ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (во понатамошниот текст: Институтот), остварување на јавност во работата, делокруг на работата на Институтот, водење на регистрите, членството во Институтот, правата и обврските на членовите, органите и комисите на Институтот, составот, начинот на избор, надлежностите и траењето на мандатот, начинот на одлучување, престанок на членство во органите и комисиите на Институтот, условите за издавање на уверение за ревизор, дисциплинската постапка, средствата за работа на Институтот, службениците и вработените во Институтот, престанок на работењето на Институтот, состојбата на имотот во случај на престанок на работењето, начинот на изменување и дополнување на овој Статут и други прашања од интерес на членовите на Институтот и неговото работење.

### Член 2

(1) "Институт на овластени ревизори на Република Македонија" е професионално коморско здружение на овластени ревизори.

(2) Институтот функционира како независна, непартиска и непрофитна организација во која се зачленуваат физички лица без оглед на нивната национална, верска, расна и друга припадност и правни лица согласно со Законот за ревизија.

## Име и седиште

## Член 3

(1) Институтот е правно лице кое работи под името ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

(2) Скратениот назив на Институтот гласи ИОРРМ.

(3) Англискиот назив под кој работи Институтот гласи: INSTITUTE OF CERTIFIED AUDITORS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA, а скратениот назив гласи: ICARM.

(4) Седиштето на Институтот, се наоѓа во Скопје на ул. 11 Октомври бр. 52А, влез 1, кат 1, број 2 и број 3.

## Печат и штембил

## Член 4

(1) Печатот на Институтот е во форма на круг и го содржи следниот текст напишан на кирилица: ИОРРМ, опкружен со текстот ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

(2) Штембилот на Институтот е во правоаголна форма и на него е напишано: ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, празен простор за број и датум на актот што се прима или испраќа и во последниот ред стои: Скопје.

## Закони кои го регулираат работењето на Институтот

## Член 5

(1) Институтот е основан и работи согласно со Законот за ревизија, Законот за стопанските комори и други закони на Република Македонија.

## Јавност на работењето

## Член 6

(1) Работењето на Институтот е јавно.

(2) Јавноста во работењето се обезбедува преку информирање на членовите, информирање на јавноста преку медиумите и други форми на информирање.

(3) Актите, билтените, извештаите и сите информации во интерес на членовите на Институтот задолжително се објавуваат на веб страницата на Институтот.

## II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ

**Надлежности, цели и задачи**

**Член 7**

(1) Делокругот на Институтот го сочинуваат работите уредени со Закониот за ревизија и други закони, овој Статут и другите акти на Институтот. Институтот е надлежен за вршење на следниве работи:

1) Води Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори-трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци;

2) Донесува програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор и спроведува испит за стекнување на звањето ревизор;

3) Издава уверение за ревизор;

4) Пропишува форма и содржина на уверението за ревизор;

5) Ги разгледува и одлучува по барањата за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство, врз основа на правила и постапки пропишани од Институтот;

6) Организира проверка на знаењето од областа на законската регулатива при признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;

7) Организира и спроведува континуирано професионално усовршување;

8) Ја следи примената на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори - трговци поединци;

9) Ги промовира МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC;

10) Ги преведува и ги објавува во „Службен весник на Република Македонија” МСР, Меѓународните стандарди за контрола на квалитетот и Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC;

11) Покренува дисциплинска постапка и изрекува мерки на членовите поради повреда на МСР, актите на Институтот и на Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC;

12) Донесува тригодишна и годишна програма за контрола над членовите на Институтот;

13) Спроведува контрола на квалитетот над членовите на Институтот;

14) Го известува Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ (во понатамошниот текст Советот) за изречените мерки од спроведената контрола на друштвата за ревизија и/или овластените ревизори - трговци поединци и овластените ревизори;

15) Донесува Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува;

16) Донесува Правилник за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;

17) Донесува Правилник за содржината на Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори-трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци;

18) Донесува програма за обука на овластени ревизори кои спроведуваат контрола и издава сертификати за завршена обука;

19) Презема активности согласно со насоките дадени од Советот кои се неопходни и соодветни за промовирање на високите професионални стандарди меѓу друштвата за ревизија и овластените ревизори и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги што тие ги нудат;

20) Донесува годишна програма за работа најдоцна до 15 јануари во тековната година;

21) Донесува годишен извештај за својата работа најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;

22) Донесува Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на Институтот;

23) Формира дисциплинска и други комисии;

24) Донесува годишен извештај за наодите од извршените контроли;

25) Издава билтен и ги ажурира информациите објавени на веб страницата на Институтот;

26) Предлага двајца овластени ревизори за членови на Советот;

27) Иницира соработка со професионални асоцијации на ревизори;

28) Организира стручни симпозиуми од областа на ревизијата;

29) Иницира соработка со високо-образовни институции во земјата и во странство;

30) Иницира публикување на стручни списанија од областа на ревизијата;

31) Изготвува упатства за изготвување на ревизорска документација;

32) Иницира измени на законските прописи од областа на ревизијата и финансиите до Советот, и

33) Врши други работи согласно со овој Статут и закон.

(2) На актите од став (1) точки 2), 12), 15), 16), 17), 18), 20), 21), 22) и 24) од овој член согласност дава Советот.

(3) Актите од став 2 на овој член се објавуваат на веб страницата на Институтот по добиената согласност од Советот.

**Контрола на работењето на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци**

**Член 8**

(1) Институтот врши контрола на работењето на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци (во понатамошниот текст: субјект на контрола) во рамки на надлежностите утврдени со Законот за ревизија.

(2) Контролата од став 1 на овој член опфаќа најмалку:

1) Верификација на исполнување на условите за издавање на лиценца за работа на друштвото за ревизија и овластен ревизор-трговец поединец согласно со Законот за ревизија,
2) Верификација на исполнување на условите за регистрирање во соодветните регистри;
3) Следење и верификација на извештаите на субјектот на контрола што треба да ги доставува во согласност со Законот за ревизија.
4) Контрола на квалитетот на целокупното работење на субјектот на контрола.
5) Контрола наможните конфликти на интерес и повреда или нарушување на независноста.

(3) Контролата од ставот 2 точки 1, 2 и 3 од овој член се спроведува преку континуирана проверка на документацијата што субјектот на контрола е должен да ја достави до Институтот согласно со Законот за ревизија.

(4) Контролата на квалитетот на целокупното работење на субјектот на контрола опфаќа најмалку:

1) Проверка на системот за контрола на квалитет кај друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци;
2) Потврдување на независноста на овластениот ревизор од субјектот на ревизија;
3) Потврдување на усогласеноста на ревизорските процедури со ревизорските правила и стандарди;
4) Оценка на квалитетот во поглед на ангажирани ресурси и тоа: составот на тимот за ревизија и работните часови;
5) Проверка на наплатениот надоместок за ревизија и
6) Директна контрола на овластените ревизори преку проверка на целокупната ревизорска документација на најмалку еден субјект на ревизија во периодот од последната контрола.

(5) Контрола на можните конфликти на интерес и повреда или нарушување на независноста се спроведува врз основа на методологија донесена од страна на Институтот.

(6) Контролата на квалитетот се спроведува најмалку еднаш на три години.

(7) Контролата на работењето на субјектите на контрола се врши според годишна Програма донесена од Институтот и/или на писмено барање на Советот.

**Член 9**

(1) Доколку при спроведувањето на контролата на исполнување на условите за поседување на лиценца за работа на друштвото за ревизија и овластен ревизор-трговец поединец и/или овластен ревизор се утврди дека субјектот на контрола не ги исполнува условите за добивање на лиценца, Институтот за тоа го известува Советот во рок од пет дена.

**Контрола на квалитет**

**Лице одговорно за спроведување на контрола**

**Член 10**

(1) Контролата на работењето на овластените ревизори, друштавата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци од членот 9 на овој Статут ја спроведува лице назначено од претседателот на Институтот.

(2) Лицето одговорно за контрола на работењето мора да ги исполнува следните услови:

1) Да има лиценца за овластен ревизор и најмалку пет години искуство како овластен ревизор;

2) Да поседува сертификат за завршена обука за контрола издаден од Институтот не постара од три години и

3) Да е независно и да нема конфликт на интереси со субјектот на контрола. Во однос на независноста и постоењето конфликт на интереси соодветно се применуваат одредбите од Законот за ревизија со кои е уреден конфликт на интереси на овластените ревизори, друштавата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци во вршење на ревизија.

(3) Доколку е потребно, по претходна согласност на Управниот одбор на Институтот, покрај лицето одговорно за контрола, во контролата можат да бидат вклучени и проценители и/или други домашни и странски експерти.

(4) Во случај кога контролата се врши на барање на Советот, назначувањето на лицето за спроведување на конролата како и лицата проценители и/или други домашни и странски експерти се врши по претходна согласност од претседателот на Советот.

**Постапка на контрола**

**Член 11**

(1) Датумот на отпочнување на контролата го определува Институтот и за тоа го известува лицето за спроведување на контролата како и лицата проценители и/или други домашни и странски експерти доколку се вклучени во контролата, најмалку 30 дена пред денот на отпочнување на контролата.

(2) Институтот ги известува субјектите на контрола најмалку осум дена пред денот на отпочнување на контролата.

(3) Субјектот на контрола е должен на лицето за спроведување на контролата и ангажираните експерти да им обезбеди:

1) Непречен пристап до деловните простории,
2) Просторија за непречено вршење на контролата,
3) Целокупната документација потребна за спроведување на контролата, а доколку е потребно и копии од истата и
4) Лице кое доколку е потребно, ќе дава потребни објаснувања.

**Член 12**

(1) За извршената контрола, лицето што ја спровело контролата подготвува извештај во кој се наведуваат сите идентификувани недостатоци, неправилности и незаконитости и се даваат препораки за начинот и рокот за нивно отстранување.

(2) Извештајот од ставот 1 на овој член се доставува до субјектот на контрола кој има право на приговор во рок од пет дена од денот на приемот на извештајот. Управниот одбор на Институтот одлучува по приговорот во рок од пет дена од денот на приемот.

(3) По истекот на роковите од став 2 на овој член, Институтот го доставува извештајот до Советот и го објавува на својата веб страница.

(4) Субјектот на контрола е должен во рок од три дена од истекот на рокот утврден во извештајот до Институтот и до Советот да достави извештај за реализација на препораките и отстранување на идентификувани недостатоци, неправилности и незаконитости.

**Водење на Регистрите**

**Член 13**

(1) Институтот води Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори - трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци.

(2) Институтот ги пропишува начинот на водење и формата на регистрите од став 1 на овој член **со** посебен акт, а содржината е пропишана согласно Законот за ревизија.

(3) Институтот податоците од регистрите од став 1 на овој член ги води електронски и ги става на располагање на јавноста на веб страницата на Институтот и во билтенот на Институтот.

(4) Ревизорот, овластениот ревизор, друштвото за ревизија и овластениот ревизор - трговец поединец, се должни во рок од пет дена од настанување на промената да го известат Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во соодветниот регистар, а Институтот е должен веднаш по приемот на известувањето да го ажурира соодветниот регистар.

(5) Податоците содржани во Регистарот на овластени ревизори и Регистарот на друштвата за ревизија, односно на овластените ревизори - трговци поединци, кои се доставуваат до Институтот ги потпишува овластениот ревизор или овластеното лице на друштвото за ревизија. Доколку бројот на овластени ревизори се намали под бројот пропишан со Законот за ревизија, или во случај да настане неусогласеност на сопственичката структура, друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец треба да се усогласи во рок од три месеци од настанатата промена, или само во случај на неусогласеност на сопственичката структура со завршување на оставинска постапка.

## III. ЧЛЕНСТВО

**Членство во Институтот**

**Член 14**

(1) Заради промовирање на високи професионални стандарди и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги овластените ревизори се здружуваат во Институтот на овластени ревизори како професионално коморско здружување.

(2) Членови на Институтот се ревизори, овластени ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец (во понатамошниот текст: член или членови на Институтот).

**Обврски за членството**

**Член 15**

(1) Членовите на Институтот мораат да се придржуваат кон:

1) Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC;

2) Меѓународните стандарди за ревизија донесени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (МФС) кога врши законска или договорна ревизија според Законот за ревизија;

3) Барањата за континуирана професионална едукација утврдени од страна на Управниот одбор;

4) Сите законски и подзаконски прописи, Статутот и другите општи акти и политиките на Инстуитутот со кои директно или индиректно се уредуваат правата и обврските на членовите на Институтот, и

5) Обврската за плаќање на членарина во согласност со Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот.

(2) Овластените ревизори, членови на Институтот, се должни да присуствуваат на седницата на Собранието и да учествуваат во работата на Собранието на Институтот. Овластениот ревизор којшто е избран во органите, комисиите и другите тела на Институтот должен е да присуствува на седниците на тие тела.

**Континуирано професионално усовршување**

**Член 16**

(1) Овластениот ревизор е должен да посетува обука од најмалку 120 часа за период од три години, односно да посетува обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување заради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата.

(2) Обуката може да биде организирана од Институтот или од друга акредитирана релевантна институција во странство.

**Почесно членство**

**Член 17**

(1) Членовите на Институтот можат да стекнат статус на почесен член на Институтот на овластени ревизори на РМ, доколку:

1) Лицето придонело за развојот на ревизорската професија, остварувањето на целите на ревизорската професија кои се определени со закон и спроведување на активности во интерес на Институтот;

2) На лицето не му биле изречени дисциплински или етички мерки согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите на членовите на Институтот и за дисциплинските мерки.

(2) На почесните членови на Институтот им се одзема статусот на почесен член, ако со својата работа или однесување му штетат на угледот и на интересот на Институтот и ревизорската професија. Одлуката за доделување и одземање на статусот почесен член ја носи Собранието на Институтот.

(3) Начинот и постапката за доделување и одземање на статусот почесен член се пропишуваат со Правилник за почесно членство.

**Престанок на членството**

**Член 18**

(1) Членството во Институтот може да престане времено и трајно.

(2) Основа за времено престанување на членството претставува изречена дисциплинска мерка времено исклучување од членството на Институтот под услови и на начин уредени со овој Статут и Законот за ревизија.

(3) Дисциплинска мерка времено исклучување од членството е основа за изрекување на мерка времено одземање на лиценцата на овластениот ревизор, лиценцата за работа на друштвото за ревизија или лиценцата за работа на овластениот ревизор – трговец поединец од страна на Советот, под услови и на начин уредени со Законот за ревизија.

(4) Основа за трајно престанување на членството претставува:

1) Изречена дисциплинска мерка трајно исклучување од членството на Институтот под услови и на начин уредени со овој Статут и Законот за ревизија и
2) Трајно одземање на лиценцата на членот на Институтот (овластениот ревизор, лиценцата за работа на друштвото за ревизија или лиценцата за работа на овластениот ревизор – трговец поединец) под услови и на начин уредени со Законот за ревизија.

(5) Членот на Институтот на кој му престанува членството се брише, времено или трајно, од соодветниот регистар на Институтот.

**Член 19**

(1) Секој член може да даде оставка во кое било време освен ако против истиот е покрената постапка за етички прашања која ја води Институтот. Членовите кои се предмет на постапка не можат да го прекинат своето членство по пат на давање оставка или преку неплаќање на годишната членарина.

(2) Оставките се доставуваат до генералниот секретар на Институтот, во писмена форма.

(3) Членовите немаат право на рефундирање на членарината за останатиот дел од годината во случај да дадат оставка или во случај на прекин на нивното членство.

(4) Одземеното членство може да се обнови доколку се надомести неизмирената членарина.

## IV. УПРАВУВАЊЕ

**Органи на ИНСТИТУТОТ**

**Член 20**

(1) Органи на Институтот се:

1) Собрание.

2) Управен одбор.

3) Надзорен одбор.

4) Претседател.

(2) Заради вршење на работите од својот делокруг Институтот формира дисциплинска комисија, а може да формира и други постојани и времени комисии утврдени со овој Статут.

(3) Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Институтот се уредуваат со овој Статут.

(4) Административно-техничките работи поврзани со работењето на Институтот ги врши стручна служба на Институтот.

**Собрание**

**Свикување на Собранието**

**Член 21**

(1) Собранието е највисокиот орган на Институтот и го сочинуваат сите членови – овластени ревизори на Институтот.

(2) Правото на глас им припаѓа само на овластените ревизори.

(3) Собранието работи на седници. Сите седници на Собранието се јавни.

(4) Собранието на Институтот се состанува редовно еднаш годишно (годишно собрание). Управниот одбор задолжително го свикува годишното собрание, најдоцна до 31 мај секоја финансиска година за претходната година.

5) Доколку Управниот одбор не го свика собранието на начин утврден во ставот 4, годишното собрание без одлагање го свикува Надзорниот одбор.

(6) Вонредна седница на Собранието се свикува по потреба, врз основа на:

1) одлука на Управниот одбор,

2) писмено барање од најмалку 10% од вкупниот број на членови на Институтот. Членовите - подносители на барањето, заедно со барањето доставуваат предлог дневен ред по писмен пат до Управниот одбор, најмалку 30 дена пред одржување на Собранието и

3) предлог на најмалку една третина од членовите на Управниот одбор.

(7) Претседателот на Институтот ги свикува седниците на Собранието во име на Управниот одбор.

(8) Ако Претседателот не ја свика седницата во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на барањето на членовите на Институтот, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Собранието кои го поднеле барањето.

(9) Собранието може да биде свикано со покана и со објавување јавен повик најмалку во еден дневен весник или на веб страницата на Институтот. Рокот што тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата до денот на одржувањето на Собранието не може да биде подолг од 40 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на Собранието.

**Кворум за работа на Собранието**

**Член 22**

(1) Кворумот за работа на редовната и вонредната седница на Собранието постои доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на Собранието.

(2) Ако на Собранието не се обезбеди кворумот од став 1 на овој член, Собранието не може да почне со работа. Нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание) се закажува во рок од 3 дена од денот на закажаното Собрание за кое немало кворум за работа. Презакажаното Собрание се одржува најдоцна во рок од 18 дена од денот на закажаното Собрание за кое немало кворум за работа. Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание се објавува на начин на кој е објавено свикувањето на Собранието коешто немало кворум за работа.

(3) На презакажаното Собрание може да се одлучува само за прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на Собранието без оглед на бројот на присутните членови.

**Мнозинство со кое се одлучува на Собранието**

**Член 23**

(1) Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од 50% плус еден глас од присутните членови со право на глас, освен ако со овој Статут или закон не е определено поголемо мнозинство.

(2) Членовите на Институтот немаат право на глас за прашања кои лично ги засегаат нив, нивен содружник, нивен вработен, роднина до втор степен на сродство или правно лице во чие раководење тие учествуваат или во кое имаат финансиско учество.

(3) Собранието своите одлуки ги донесува со јавно гласање. По исклучок, Собранието може да одлучи за определено прашање да се гласа тајно.

**Делокруг на работа на Собранието**

**Член 24**

(1) Собранието на Институтот одлучува за:

1) Усвојување на Статутот и на други акти на Институтот, како и нивните измени и дополнувања;

2) Избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор, Комисиите, Претседател на Институтот и Заменик на претседателот на Институтот;

3) Избор на двајца овластени ревизори што Институтот ги предлага за членови на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ;

4) Усвојува Годишен извештај за работа на Институтот за претходната година;

6) Усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи на Институтот и ревизорскиот извештај;

7) Избор на ревизори на финансиските извештаи на Институтот;

8) Донесување на правилниците што се во надлежност на Дисциплинската комисија и Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги, на предлог на Управниот одбор;

9) Донесува Правилник за критериумите за оценување на квалитетот на работење на овластените ревизори, трговските друштва и овластени ревизори - трговци поединци од страна на службата за контрола на предлог на Управниот одбор;

10) Одобрување на набавка и продажба на недвижности;

11) Задолжување на Институтот; и

12) Здружување во посебни организациони облици и зачленување во меѓународни асоцијации.

**Управен одбор**

**Член 25**

(1) Управниот одбор е извршен орган на Собранието.

(2) Членовите на Управниот одбор имаат право на повторен избор.

(3) Управниот одбор се избира за период од три години и брои девет члена.

(4) Шест члена од Управниот одбор претставуваат кворум за работа. Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови. Во случај на поделба на гласовите одлучувачки е гласот на претседателот.

(5) Управниот одбор се состанува според потребите на работењето на Институтот, но најмалку шест пати годишно.

(6) Седниците на Управниот одбор ги закажува претседателот. Во случај на негова спреченост, седниците ги закажува неговиот заменик.

(7) Управниот одбор ги има следните надлежности:

1) Донесува програма за полагање испит за стекнување на звањето ревизор, на која Советот дава согласност;
2) Издава уверение за ревизор;
3) Ги разгледува и дава мислење по барања за одобрување на квалификации за ревизор стекнати во странство;
4) Одредува услови, организира и спроведува континуирано професионално образование и усовршување;
5) Организира спроведување на проверка за контрола на квалитетот на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец;
6) Го известува Советот за изречените мерки од спроведената контрола на друштвата за ревизија и/или овластените ревизори - трговци поединци;
7) Го организира преводот на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC и Меѓународните стандарди за контрола на квалитет, ги одобрува преводите и донесува одлука за нивно објавување во Службен весник на Република Македонија;
8) Го донесува Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот;
9) Изготвува и на Собранието му поднесува годишен извештај за работа на Институтот. Одобрениот годишен извештај го објавува на веб страницата на Институтот;
10) Ги донесува Годишна програма за работа и Финансиски план на Институтот;
11) Поднесува извештај за своето работење до Надзорниот одбор најмалку двапати годишно;
12) Го организира издавањето на Билтен на Институтот;
13) Организира и спроведува курсеви за стекнување на звањето ревизор;

14)Соработува со високо-образовните институции заради приспособување на наставните планови и програми од областа на ревизијата и сметководството;

15)Презентира мислења за ставот на Институтот во врска со актуелни ревизорски и сметководствени прашања;

16)Го штити јавниот интерес со тоа што осигурува дека членовите се придржуваат кон Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC;

17)Ги штити интересите на ревизорската и сметководствената професија;

18)Ја следи примената на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори - трговци поединци преку извршената контрола на квалитет кај истите;

19)Обезбедува спроведување на МРС и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC;

20)Донесува упатства за изготвување на ревизорска документација;

21)Донесува одлуки во врска со спроведување на програмата за работа, финансискиот план и другите акти на Собранието;

22)Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките на Собранието;

23)Предлага измени и дополнувања на законските прописи од областа на ревизијата, сметководството и финансиите;

24)Предлага измени и дополнувања на Статутот на Институтот до Собранието;

26)Го предлага до Собранието на Институтот Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на Институтот;

27)Го предлага до Собранието на Институтот Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговципоединци;

28)Го донесува Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор;

29)Го донесува Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение за ревизор;

30)Го донесува Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство;

31)Покренува дисциплинска постапка и донесува одлуки за дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна, времено исклучување од членство во Институтот и трајно исклучување од членството во Институтот;

32)Донесува програма за обука на овластени ревизори кои спроведуваат контрола на квалитет и издава сертификати за завршена обука;

33 Ја донесува тригодишната и годишна програма за контрола на квалитет над членовите на Институтот;

34)Го донесува Правилникот за содржината на Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори-трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци на кој Советот дава согласност;

35)Донесува Правилник за формирање и работење на Комисија за спроведување на стручниот испит и предлага двајца овластени ревизори за членови во Комисијата;

36)Ги именува претседателите на комисиите на Институтот;

37)Го предлага до Собранието на Институтот Правилникот за критериумите за оценка на квалитетот на работење на ревизорските друштва, овластени ревизори-трговци поединци и овластени ревизори;

38)Го донесува актот за организација, систематизација и делокруг на работа на вработените во Институтот;

39)Одлучува за прием во работен однос на генерален секретар и ја утврдува неговата плата;

40)Одлучува за прием во работен однос на лица заради вршење на техничко-административните работи на комисиите на Управниот одбор и ја утврдува нивната плата;

41)Одржува библиотека со книги и списанија кои се однесуваат на сметководството и ревизијата и поттикнува објавување на слични книги и списанија во Република Македонија;

42)Презема активности за меѓународно признавање на Институтот;

43)Ја следи работата на комисиите на Институтот и ги разгледува нивните извештаи за работа;

44)Именува и разрешува членови на комисиите меѓу две седници на Собранието на Институтот по лично барање на членовите на комисиите или по основ на неактивност, која се утврдува со отсуство на три последователни седници на комисиите, кои задолжително се потврдуваат на следната седница на Собранието;

45)Го предлага до Собранието Правилникот за почесно членство;

46) Ја уредува организациската и кадровската поддршка на контрола на квалитетот на ревизорите и начинот на финансирање;

47) Го донесува годишниот извештај за наодите од извршените контроли;

48) Го донесува Правилникот за начин и постапка за вршење периодична контрола;

49) Врши други работи во согласност со овој Статут и закон;

50) Одлучува по приговорите од членовите по основ на извештаите за контрола на квалитет согласно Законот за ревизија; и

51) Го доставува извештајот од извршената контрола на квалитет согласно Законот за ревизија до Советот и дава наредба за негово објавување на веб страницата на Институтот, по претходна согласност од Советот.

**Надзорен одбор**

**Член 26**

(1) Надзорниот одбор е орган за надзор врз законитоста на материјално-финансиското работење и правилноста на работата на Институтот.

(2) Надзорниот одбор се состои од пет члена со мандат од три години. Членовите имаат право на повторен избор.

(3) Собранието ги избира членовите на Надзорниот одбор.

(4) Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, избира претседател на надзорниот одбор. Надзорниот одбор може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.

(5) Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува седниците на Надзорниот одбор и претседава со нив. Ако претседателот на Надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови од присутните членови.

(6) Три члена од Надзорниот одбор претставуваат кворум за работа. Надзорниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови. Во случај на поделба на гласовите одлучувачки е гласот на претседателот.

(7) Надзорниот одбор ги има следните надлежности:

1) Врши надзор врз управувањето на Институтот што го врши Управниот одбор;

2) Врши надзор врз законитоста на материјално-финансиското работење и правилноста на работата на Институтот и за својата работа го известува Собранието на Институтот;

3) Може да врши увид и да ги проверува евиденциите и документите на Институтот;

4) Добива писмени извештаи за работењето на Управниот одбор најмалку два пати годишно;

5) Именува и разрешува членови на Управниот одбор меѓу две седници на Собранието на Институтот по лично барање на членовите на Управниот одбор или по основ на неактивност, која се утврдува со отсуство на три последователни седници на Управниот одбор, кои задолжително се потврдуваат на следната седница на Собранието;

6) Ги предлага до Собранието на Институтот ревизорите на финансиските извештаи на Институтот.

(8) Надзорниот одбор се состанува онолку пати колку што наложува работењето, а најмалку два пати годишно.

(9) Секој член на Надзорниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на Надзорниот одбор да свика состанок на Надзорниот одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од петнаесет дена од денот кога е поднесено барањето.

(10) Надзорниот одбор до Собранието на Институтот поднесува извештај за својата работа.

**Претседател на Институтот**

**Член 27**

(1) Претседателот на Управниот одбор го избира Собранието на Институтот од редот на членовите на Управниот одбор со мандат од три години, со право на повторен избор.

(2) Претседателот на Управниот одбор истовремено е претседател на Институтот и претседател на Собранието на Институтот.

(3) Претседателот на Институтот е одговорен за законитоста на работењето на Институтот.

(4) Должностите на претседателот се следните:

1) Го утврдува времето, местото и дневниот ред на секој состанок на Управниот одбор и на Собранието на Институтот;

2) Претседава со состаноците на Управниот одбор и со седниците на Собранието на Институтот;

3) Во име на Управниот одбор ги поднесува годишниот извештај за работа и финансискиот план до Собранието;

4) Го претставува и застапува Институтот пред јавноста, печатот и владините тела;

5) Потпишува договори во рамките на надлежностите утврдени од страна на Собранието;

6) Се грижи за извршување на одлуките и заклучоците донесени од органите на Институтот;

7) Во отсуство на претседател на комисија, ги свикува седниците на комисиите, со кои претседава членот на комисијата кој ќе биде избран со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

(5) Ако претседателот на Институтот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, него го заменува заменик-претседателот на Институтот.

**Услови за членство во органите и комисиите на Институтот**

**Член 28**

(1) Член на Институтот во исто време може да биде член на само еден орган, односно комисија на Институтот, освен претседателот на Институтот кој истовремено е претседател и на Собранието и на Управниот одбор на Институтот, и член на Комисијата за спроведување на стручниот испит.

(2) Овластен ревизор не може истовремено да биде член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ и член на орган, односно комисија на Институтот на овластени ревизори на РМ.

**Начин на предлагање на членовите на органите и комисиите на Институтот и начин на гласање**

**Член 29**

(1) Изборот на членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор и комисиите на Институтот се врши со тајно гласање, на предлог на Управниот одбор. Листите за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор и комисиите на Институтот можат да бидат дополнети со писмен предлог потпишан од најмалку пет члена на Институтот, во рокот наведен во поканата за свикување на седница на собранието на Институтот.

(2) Претседателот на Институтот се избира со тајно гласање од трите кандидати кои добиле најмногу гласови при изборот на членовите на Управниот одбор.

(3) За заменик-претседател на Институтот се избира лицето кое во постапката за избор на претседател на Институтот било на второ место по бројот на добиените гласови.

(4) Ако некој од членовите на Институтот не сака да биде предложен за член на орган, односно комисија на Институтот треба да достави писмена изјава до Управниот одбор.

(5) Доколку две или повеќе лица, во согласност со структурата утврдена за избор на секој орган, односно комисија посебно, добиле ист број на гласови, а со нивниот избор бројот на лицата во соодветниот орган, односно комисија е поголем од утврдениот во Статутот на Институтот, постапката за избор меѓу тие лица се повторува.

## V. СЛУЖБЕНИЦИ И ВРАБОТЕНИ

**Генерален секретар**

**Член 30**

(1) Генералниот секретар е лице вработено во Институтот.

(2) Должности на генералниот секретар се:

1) Учествува во работата на Собранието, Управниот одбор и комисиите без право на глас;
2) Го организира водењето записник на состаноците на Собранието, Управниот одбор и комисиите;
3) Прима апликации за членство;
4) Води регистар на ревизори, регистар на овластени ревизори, регистар на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци и регистар на трајно одземени лиценци;
5) Ги подготвува предлогот на финансискиот план и предлог-извештајот за работа на Управниот одбор;
6) Извршува други работи што ќе му ги довери Управниот одбор на Институтот.

**Вработени**

**Член 31**

(1) Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Институтот ги вршат генералниот секретар и вработените во Институтот.

(2) Во случај кога постои сомневање кај вработен во Институтот за можна повреда на овој закон, МСР, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и актите на Институтот, тоа лице е должно да го извести Советот за таквата можна повреда.

**Член 32**

(1) Систематизацијата на работните места, бројот на работниците, нивните права и обврски, платите и другите надоместоци се уредуваат со Правилник, кој го донесува Управниот одбор на Институтот.

## VI. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА РЕВИЗОР

**Стручен испит за стекнување на звањето ревизор**

**Член 33**

(1) Институтот донесува Програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор во која се содржани градивото, прописите и литературата и го спроведува испитот.

(2) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за стекнување на звањето ревизор Институтот им издава уверение за ревизор, во рок од 15 дена од денот на завршување на стручниот испит.

**Член 34**

(1) Стручен испит потребен за добивање на звање ревизор можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите утврдени со Законот за ревизија.

(2) Стручниот испит се состои од два дела, и тоа:

1) Прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
2) Втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(3) Институтот ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит и пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит се полага втор дел.

**Комисија за спроведување на стручниот испит**

**Член 35**

(1) Институтот е должен да ангажира едукатори кои спроведуваат обуката за предметите од наставната програма. Едукатор може да биде лице кое ги исполнува условите утврдени Законот за ревизија.

(2) Едукаторите ја подготвуваат Базата на прашања и/или задачи за стручниот испит.

(3) Прашањата за стручниот испит ги верификува Комисија за спроведување на стручниот испит (во натамошниот текст: Комисија), составена од:

1) Еден претставник овластен од министерот за финансии;
2) Претседателот на Советот;
3) Претседателот на Институтот; и
4) Двајца овластени ревизори предложени од Институтот.

(4) Начинот на формирање и работењето на Комисијата од ставот 3 на овој член поблиску ги пропишува Институтот со посебен акт.

(5) Комисијата врши ревизија и ажурирање на базата на прашања кои се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит, најмалку еднаш годишно.

(6) Комисијата од ставот 3 на овој член ја предлага до Управниот одбор висината на надоместокот за обуката и за полагање на стручниот испит што го плаќа кандидатот.

**Паричен надоместок за едукаторите и членовите на Комисијата**

**Член 36**

(1) Едукаторите и членовите на Комисијата имаат право на паричен надоместок што го определува претседателот на Институтот. Износот на паричниот надоместок се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.

(2) Годишниот износ на паричниот надоместок до ставот 1 на овој член не го надминува износот на три просечни бруто плати исплатени во Република Македонија во претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

**Постапка за спроведување на стручниот испит**

**Член 37**

(1) Институтот ги врши стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Институтот.

(2) Правното лице кое го спроведува стручниот испит треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот кои услови поблиску ги пропишува Институтот.

**Член 38**

(1) Обуката и стручниот испит се спроведуваат врз основа на констатирана потреба од страна на Институтот, но најмалку еднаш годишно.

(2) Стручниот испит се полага по завршување на обуката за секој предмет одделно.

(3) Институтот поблиску ја пропишува постапката за спроведување на испитите по предметите од стручниот испит.

**Комисија за ревизија на одржаните стручни испити**

**Член 39**

(1) Институтот формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити која во својата работа ги користи материјалите од одржаните испити: тестовите и задачите за полагање на стручниот испит и спецsimeните за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити.

(2) Институтот поблиску ја пропишува надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на Комисијата за ревизија во согласност со Законот за ревизија.

**Надоместок за обука и за полагање на стручниот испит**

**Член 40**

(1) Институтот е надлежен за определување на висината на надоместокот за обуката и за полагање на стручниот испит што го плаќа кандидатот.

(2) Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Надоместокот се уплатува на сметката на Институтот, најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија. Ако надоместокот не е уплатен во овој рок на кандидатот нема да му се дозволи полагање на стручниот испит.

(4) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на надоместокот не го полага испитот, уплатените средства се враќаат.

## VII. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 41**

(1) Институтот, врз основа на извештајот за извршена контрола на работењето на субјектот на контрола, на овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец кои не постапуваат во согласност со одредбите до Законот за ревизија, МСР, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и актите на Институтот им покренува дисциплинска постапка.

(2) Дисциплинска постапка води дисциплинска комисија составена од пет члена – овластени ревизори членови на Институтот со мандат од две години.

(3) Институтот на овластениот ревизор, друштвото за ревизија и на овластениот ревизор - трговец поединец може да им ги изрече следните дисциплински мерки:

1) Јавна опомена;
2) Парична казна;
3) Времено исклучување од членството во Институтот; и
4) Трајно исклучување од членството во Институтот.

(4) Институтот донесува Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на Институтот, во согласност со условите за изрекување пропишани со Законот за ревизија.

(5) Сите дисциплински мерки изречени од страна на Институтот се објавуваат на веб страницата и во билтенот на Институтот и се евидентираат во соодветниот регистар.

(6) Институтот за изречените дисциплински мерки задолжително го известува Советот во рок од еден ден од денот на изрекување на мерката.

## VIII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ

### Финансии

### Член 42

(1) Извори на средства на Институтот се:

1) Годишна членарина определена со Тарифникот за висината на членарината;

2) Надоместокот за обуката и за полагање на стручниот испит;

3) Грантови и донации одобрени од Собранието на Институтот, освен грантови и донации од меѓународни финансиски институции и Буџетот на Република Македонија за кои не е потребно одобрение од Собранието на Институтот;

4) Приходи од издавачка дејност и

5) Други извори на приходи.

(2) Институтот самостојно ги утврдува основицата за пресметка, висината и начинот на плаќање на членарината и другите придонеси.

(3) Институтот има законска обврска да издвојува 15% од вкупно остварените приходи на Институтот во претходната година за финансирање на работењето на Советот.

(4) Средства се користат за вршење на работите на Институтот. Управниот одбор може да одобри користење на средства на Институтот и за други оправдани цели или потреби.

(5) Управниот одбор одлучува за инвестирање на евентуалниот вишок на парични средства во државни хартии од вредност или за депонирање во првокласни домашни банки.

(6) Фискалната година на Институтот е календарската година.

(7) Институтот има сметка во банка која ја определува Управниот одбор.

(8) Финансиските извештаи на Институтот подлежат на ревизија од страна на член на Институтот, кој не е член на Управниот одбор и Надзорниот одбор.

## IX. КОМИСИИ

### Комисии на ИНСТИТУТОТ

### Член 43

(1) Комисии на Институтот се:

1) Комисија за стандарди за ревизија;
2) Комисија за сметководствени стандарди;
3) Дисциплинска комисија;
4) Комисија за образование, обука и публикација;
5) Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор (со мандат до завршувањето на започнатите постапки за полагање на стручниот испит, кои започнале до 08.01.2015);
6) Комисија за спроведување на стручниот испитот за стекнување на звањето ревизор;
7) Комисија за ревизија на одржаните стручни испити;
8) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори;
9) Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги.

### Комисија за стандарди за ревизија

### Член 44

(1) Комисијата за стандарди за ревизија се состои од пет члена со тригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

(3) Должности на Комисијата за ревизорски стандарди се:

1) Одобрување на преводи на МСР;
2) Обезбедување на упатства и совети за примена на МСР;
3) Промовирање на примената на МСР;
4) Активен мониторинг на развојот и настаните во професијата, особено оние поврзани со улогата на овластениот ревизор во Македонија, со цел за идентификување на каква било потреба од изготвување на нови ревизорски објави или од упатување препораки до Управниот одбор или другите комисии во врска со вакви прашања;

5) Одржување врски со слични тела во други земји и со други релевантни професионални комисии;
6) Подготвување и поднесување на коментари во врска со нацрт-документи или документи за дискусија и одговори на прашалници изготвени од страна на Меѓународната федерација на сметководители или други тела, во име на Институтот.

**Комисија за сметководствени стандарди**

**Член 45**

(1) Комисијата за сметководствени стандарди се состои од седум члена со тригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку четири члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку четири члена.

(3) Должностите на Комисијата за сметководствени стандарди се:

1) Обезбедување упатства и совети за примена на МСС и МСФИ за потребите на члеовите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;
2) Промовирање на примената на МСС и МСФИ;
3) Активен мониторинг на настаните и развојот во сметководството, особено оние поврзани со сметководството во Македонија, со цел упатување препораки до Управниот одбор или други Комисии;
4) Одржување на врски со слични тела во други земји и со други релевантни професионални комисии;
5) Подготвување и поднесување, во име на Институтот, коментари на нацрт документи или документи за дискусија, како и одговори на прашалници изготвени од страна на Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди или други тела.

**Дисциплинска комисија**

**Член 46**

(1) Дисциплинска постапка води дисциплинска комисија составена од пет члена – овластени ревизори членови на Институтот со мандат од две години.

(2) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

(3) Должности на дисциплинска комисија се:

1) Водење на дисиплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец, врз основа на пријава за сторена дисциплинска повреда;

2) Водење на дисиплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец, врз основа на доставен препис на извештајот за извршена контрола на работењето на субјектот на контрола, по основ на препораки од Комисијата за контрола на квалитетот;

3) Изготвување Извештај со предлог кој содржи препораки до Управниот одбор за прогласување на ревизорот за одговорен и за изрекување на соодветна дисциплинска мерка, односно за ослободување од одговорност;

4) Подготвување на официјални преводи на Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC;

5) Предлагање на Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на Институтот, за одобрение од страна на Управниот одбор;

6) Толкување на Кодексот на етика на професионални сметководители на МФС;

7) Испраќање на информативни писма до членството;

8) Објавување на изречените мерки во билтенот на Институтот;

9) Проверка на случаите на автоматски прекини на членството поради прекршување на закони и препорака за прекин упатена до Управниот одбор за одобрување,

10) Разгледување на барањата за обнова на членство од страна на поранешни членови, чие членство било прекинато како резултат на неплаќање на членарина и

11) Други должности во согласност со овој Статут и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на Институтот.

**Комисија за образование, обука и публикации**

**Член 47**

(1) Комисијата за образование, обука и публикации се состои од седум члена со тригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку четири члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку четири члена.

(3) Должности на Комисијата за образование, обука и публикации се:

1) Изработка на програма за полагање испит за стекнување на звање ревизор, која ја предлага до Управниот одбор;

2) Поттикнување на едукацијата од областа на сметководството и ревизијата;

3) Организирање на симпозиуми и советувања за актуелни прашања и проблеми во ревизијата и сметководството;

4) Поврзување со регионалните сметководствени тела со цел за хармонизација на програмите за обука и за професионална едукација;

5) Изготвување на предлог Програма на обуки за континуирано професионално усовршување;

6) Известување на Управниот одбор за овластениот ревизор кој не посетува обука во рамките на континуирано професионално усовршување;

7) Обезбедување висок стандард на обуките или семинарите понудени од страна на Институтот;

8) Промовирање на публикувањето на материјали и списанија со цел информирање на членството и јавноста за настаните во областа на сметководството и ревизијата;

9) Преглед и одобрување на сите нацрти на официјалните публикации на Институтот и

10) Упатување препораки до Управниот одбор за насловите на книги и списанија за библиотеката на Институтот.

**Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор**

**Член 48**

(1) Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор се состои од пет члена со тригодишен мандат, со право на повторен избор. Претседателот на Комисијата е претставник од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ.

(2) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

(3) Должности на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор се:

1) Го организира и спроведува испитот за стекнување звање ревизор;
2) Ги разгледува и одлучува по барањата за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор;
3) Ја препорачува на Управниот одбор структурата на испитот за стекнување на звање ревизор;
4) Го подготвува Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за ревизор;
5) Создава база на прашања и одговори кои ќе се користат во тековните и идните испити на Институтот;

6) Врши и ревизија и ажурирање на базата на прашања кои се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит, најмалку еднаш годишно и

7) Ги утврдува финалните резултати од сите испити, пред истите да бидат испратени до Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори.

**Комисија за ревизија на одржаните стручни испити**

**Член 49**

(1) Комисија за ревизија на одржаните стручни испити се состои од пет члена, од кои три члена - овластени ревизори членови на Институтот и два члена – лица определени од Министерството за финансии, со мандат од три години, со право на повторен избор.

(2) Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку една сесија одржана во тековната година.

(3) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

(4) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на стручните испити одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на примена на овој закон.

(5) Должности на Комисијата за ревизија се:

1) Ревизија на спроведувањето на Стручниот испит, со увид во материјалите од одржаните испити: тестовите и задачите за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити.

2) Доставување предлози до Претседателот на Институтот за одземање на уверението за ревизор, во случај на повреда на одредбите од Законот за ревизја за спроведување на стручниот испит.

3) Вршење други работи во согласност со овој Статут, Законот за ревизија и актот за правата и должностите на Комисијата за ревизија.

(6) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на стручните испити одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од 8-ми јануари 2015 година согласно со Законот за ревизија.

**Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори**

**Член 50**

(1) Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори се состои од пет члена со тригодишен мандат, со право на повторен избор.

(2) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

(3) Должности на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори се:

1) Го подготвува Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение за ревизор;
2) Дава предлог до Управниот одбор за издавање уверение за ревизор;
3) Го подготвува Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство
4) Дава предлог до Управниот одбор по барањата за нострификација на звањето ревизор стекнато во странство;
5) Го подготвува Правилникот за почесно членство;
6) Го подготвува Правилникот за начин и постапка за вршење периодична контрола и
7) Го подготвува Правилникот за содржината на Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори-трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци.

**Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги**

**Член 51**

(1) Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги се состои од пет члена со тригодишен мандат, со право на повторен избор. Три члена на Комисијата се овластени ревизори вработени во друштвата за ревизија и/или кај овластени ревизори - трговци поединци.

(2) Во остварување и спроведување на процесот на контрола Институтот е отворен за соработка со претставници од меѓународни, регионални и национални организации од областа на ревизијата и сметководството.

(3) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата. Кворум за работа претставува присуство на најмалку три члена на Комисијата. Одлуките на Комисијата се полноважни доколку за нив гласале најмалку три члена.

(4) Должности на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги се:

1) Го предлага Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор - трговец поединец;
2) Го утврдува датумот на контролата на квалитетот и начинот на известување на ревизорот, најмалку 30 дена пред почетокот на контролата;
3) Развој и промовирање на стандарди за контрола на квалитетот во друштвата за ревизија, кои ќе наметнат воспоставување на политики и постапки при вршењето на ревизиите;
4) Развој и промовирање на програми за контрола на квалитетот, со кои би се вршела проценка за тоа дали друштвата за ревизија креирале соодветни политики и постапки за контрола и дали се придржуваат кон нив;
5) Го разгледува Извештајот за извршена контрола на квалитетот доставен од лицето одговорно за контрола на квалитетот и доколку има констатирано пропуст, преписот од извештајот, заедно со своите препораки во писмена форма, го проследува до Дисциплинската комисија;
6) Ја предлага формата и содржината на Извештајот за извршена контрола за достава до Советот и за објава на веб страната на Институтот;
7) Други прашања поврзани со контролата на квалитетот на ревизорските услуги.

## X. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИТЕ И КОМИСИИТЕ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 52**

(1) Основа за моментален престанок на членство во органите и комисиите на Институтот, за било кој член на Институтот, претставува писмена оставка и престанокот на членството во Институтот.

## XI. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕЊЕТО НА ИНСТИТУТОТ

**Член 53**

(1) Институтот може да престане со работа само врз основа на закон.

(2) По престанокот на работењето, имотот на Институтот, по намирување на сите обврски, ќе се распредели на членовите на Институтот пропорционално со учеството на истите во стекнувањето на имотот.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Примена на одредбата за контрола на квалитет**

**Член 54**

(1) Одредбите од член 10 на овој Статут ќе започнат да се применуваат три години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија (“Службен весник на РМ”, бр. 138/14 од 17.09.2014), кој е влезен во сила на 25.09.2014 година.

(2) До започнувањето на примената на одредбите од ставот 1 на овој член, контролата на квалитет ќе ја вршат лица вработени во Институтот, според интерните акти кои го вклучуваат системот за контрола на квалитетот во кој се наведени деталите за организациската и кадровската поддршка на контролата на квалитетот на ревизорите.

**Измени и дополнувања на Статутот**

**Член 55**

(1) Собранието ги донесува измените и дополнувањата на Статутот на Институтот.

(2) Управниот одбор можат до Собранието да поднесат предлог за изменувања и дополнувања на Статутот. Најмалку 10% од вкупниот број на членови на Институтот можат да поднесат предлог за изменувања и дополнувања по писмен пат, и тоа најмалку 30 дена пред одржување на закажаната седница на Собранието.

(3) Собранието ги усвојува предложените измени и дополнувања на Статутот доколку за нив гласало мнозинството од вкупниот број членови на Институтот со право на глас.

**Член 56**

(1) Сите општи акти на Институтот ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Датум на влегување во сила на Статутот**

**Член 57**

(1) Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ.

(2) Со денот на примената на овој Статут, престанува да важи Статутот на Институтот донесен на седницата одржана на 27.05.2006, 16.06.2011 и 23.06.2012 година.

(3) Овој Статут се објавува на веб страницата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

**Борислав Атанасовски**

**Претседател на Собранието на ИОРРМ**